ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Здружение на новинарите на Македонија

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

меѓу

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

и

ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**меѓу**

**Државен завод за ревизија (ДЗР)**
**и**
**Здружение на новинари на Македонија (ЗНМ)**

## ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

Член 1

Предмет на овој Меморандум е заедничка согласност за соработка помеѓу ЗНМ и ДЗР.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Член 2

Овој меморандум се склучува за период од четири години.

Член 3

ОБВРСКИ на двете договорни страни:

- Соработка и учество на заеднички обуки и кампањи за осознавање на надлежностите, улогата и значењето на Државниот завод за ревизија од страна на граѓаните и сите засегнати страни.

- Пристап до стручни материјали и литература во ДЗР и ЗНМ,
- Соработка и заедничка изработка на анализи и истражувања,
- Издавање на заеднички публикации и размена на публикувани изданија помеѓу двете страни,
- Взаемно помагање и соработка во интерес на мисијата и целите на ЗНМ и ДЗР;
- ЗНМ и ДЗР ќе работат заедно за унапредување на транспарентноста и отчетноста во работењето на институциите, како и точното и навремено информирање на граѓаните и сите засегнати страни.

## ОБВРСКИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА

Член 4

Обврски на ЗНМ: на својата веб-страница да објави информација за склучениот меморандум за соработка, да го информира членството преку електронски пат како и најмалку два пати годишно електронски да го информира членството за соработката меѓу ДЗР и ЗНМ. Логото на ДЗР ќе биде поставено на веб страната на ЗНМ во делот на партнери.

## ОБВРСКИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Член 5

ДЗР се обврзува редовно да го информира ЗНМ и неговите членови за активностите кои се од интерес на граѓаните и сите засегнати страни, да доставува информации за настани и објавени конечни ревизорски извештаи на веб страницата на ДЗР и да постави линк за пристап до веб страницата на ЗНМ.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 6

Правата и обврските на секоја од договорените страни не можат да бидат пренесени на трето лице, без претходна писмена согласност од другата страна.

Член 7

Овој Меморандум за соработка може да се менува, дополнува и ревидира само со склучување на Анекс и со взаемна согласност од двете договорени страни.

Член 8

Овој Меморандум за соработка влегува во сила на денот на потпишувањето.

Член 9

Страните се согласни спогодбено да ги решаваат евентуалните спорови кои што би можеле да произлезат од реализацијата на овој Меморандум за соработка.

Член 10

Меморандумот за соработка е склучен во 2 (два) еднообразни примероци, по 1 (еден) за секоја договорена страна.

Потпишан во Скопје, на 12. 02. 2020 година

| Државен завод за ревизија | Здружение на новинари на Македонија |
| --- | --- |
| ------------------------------------------ | ------------------------------------------ |
| **м-р Максим Ацевски** | **Младен Чадиковски** |
| Главен државен ревизор | Претседател |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-321/1
18.02. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP